МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНА ПРОГРАМА

ПРАКТИЧНА НАСТАВА

IV ГОДИНА

ТЕКСТИЛНО - КОЖАРСКА СТРУКА
Техничар за обувки

Скопје, 2008 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: ПРАКТИЧНА НАСТАВА

1.2. Образовен профил и струка
1.2.1. Образовен профил: техничар за обувки
1.2.2. Струка: текстилно-кожарска

1.3. Диференцијација на наставниот предмет
1.3.1. Карактеристичен за образовниот процес

1.4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет
1.4.1 Четврта

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 6 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 198 часа

1.6. Статус на наставниот предмет
1.6.1. Задолжителен

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по ***практична настава*** ученикот стекнува вештини и знаења и се оспособува:

- да избира материјал, алати, уреди, средства и машини за одреден вид на обувки;
- да пресметува потребно време по единица производ;
- да применува оперативна подготовка во процес на сериско производство;
- да користи производна документација;
- да составува горни и долни делови кај разни видоди на обувки во фаза на навлекување и склопување;
- да изработува шприцани делови и целошприцани обувки;
- да составува горни со долни делови од обувки со високофреквентно заварување;
- да го води технолошкиот процес по фази;
- да врши контроли во процесот на сериско произвоство по фази.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на целите по наставна програма ***практична настава*** потребни се знаења од наставните предмети: технологија на помошни материјали за изработка на обувки – II година, технологија на изработка на обувки - II и III година, машини и апарати - III година.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структуирање на содржините за учење

Тематски целини	Бр. на ча-сови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1.ПОЗНАВАЊЕ НА РАБОТИ И РАБОТНИ ЗАДАЧИ ВО ПОДГОТОВКА	**24**	***Ученикот***: - да ја применува редоследно технолошката изработка на обувки по фази; - да избира машини, алати и уреди за технолошка изработка на обувки по фази; - да пресметува потребно време по единица производ; - да нормира потребно време по единица производ; - да следи студии при работа и сложеност на движење; - да прави проценка на интензитет на работа; - да користи производна документација.	- Презентирање на примероци од разни видови обувки; - укажување на улогата на работните задачи во подготовка при изработка на обувки; . - објаснување како се следи студија при работа и сложеност на движења при работа; - укажување на правилна проценка на интензитет на работа и анализа на време.	Технологија на изработка на обувки .
2. ОПЕРАТИВНА ПОДГОТОВКА	**30**	- Да применува оперативна подготовка во процесот на сериско производство на обувки; - да пресметува потребен број на машини и работници за секоја	- Демонстрирање на основни и помошни материјали за произвоство на обувки; - презентирање на примероци	Технологија на изработка на обувки

		технолошка операција; - да избира основни и помошни материјали за производство на обувки; - да користи производна документација; - да предвидува дневно производство врз основа на даден модел.	за пресметка на потребен број на машини и работници за секоја технолошка операција; - објаснување на начините за утврдување на дневно и сериско произвводство.	Технологија на изработка на обувки
3. ТЕХНОЛОШКА ИЗРАБОТКА НА РАЗНИ ВИДОВИ НА ОБУВКИ ВО ФАЗА НА НАВЛЕКУВАЊЕ И СКЛОПУВАЊЕ	**30**	- Да ја организира работата во фаза на навлекување и склопување на обувки; - да применува редоследно операции во фаза на навлекување и склопување кај разни видови на обувки; - да составува разни видови на обувки во фаза на навлекување и склопување.	- Презентирање на примероци од различни видови на обувки; - демонстрирање на технолошка изработка во фаза на навлекување и склопување кај разни видови на обувки; - следење на работата на учениците.	Технологија на изработка на обувки .
4. ТЕХНОЛОШКА ИЗРАБОТКА НА ШПРИЦАНИ ДЕЛОВИ И ЦЕЛОШПРИЦАНИ ОБУВКИ	**12**	- Да применува технолошка постапка при изработка на шприцани делови и целлошприцани обувки; - да користи алати и уреди за изработка на шприцани делови и целошприцани обувки;	- Презентирање примероци на шприцани делови и целошприцани обувки; - укажување на предности и недостатоци на шприцани делови и целошприцани обувки;	Технологија на изработка на обувки

		- да изработува шприцани делови и целошприцани обувки; - да го контролира технолошкиот процес при изработка на шприцани делови и целошприцани обувки.	- следење на работата на ученикот.	.
5. ТЕХНОЛОШКА ИЗРАБОТКА ЗА СОСТАВУВАЊЕ СО ВИСОКОФРЕКВЕНТНО ЗАВАРУВАЊЕ	**10**	- Да избира материјали за високофреквентно заварување; - да користи машини, алати, уреди и средства за работа за високофреквентно заварување; - да составува горни со долни делови од обувки со високофреквентно заварување.	- Демонстрирање технолошка изработка за составување на горни со долни делови од обувки во чевларски погони на трговски друштва; - укажување на предности и недостатоци при високофреквентно заварување на обувки. -	Технологија на изработка на обувки
6. ВОДЕЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИ ПРОЦЕС	**62**	- Да крои горни составни делови, поставени и меѓуделови на разни видови на обувки; - да шие горни составни делови, поставени и меѓу делови на разни видови на обувки; - да штанца долни составни делови: ѓонови, меѓуѓонови, табаници и други кај разни видови на обувки; - да обработува горни и долни	- Презентирање на примероци од составени горни со долни делови од обувки; - демонстрирање различни начини на составување на горни со долни делови од обувки; - следење на работата на учениците.	Технологија на изработка на обувки .

		составни делови на обувки со рачна и машинска постапка; - да составува горни со долни делови со лепење, шиено-лепени,ковани и други начини на составување..на обувки.		
7. КОНТРОЛНА ПОСТАПКА ВО ПРОИЗВОДСТВО НА ОБУВКИ	**30**	- Да ги утврдува контролите пред, во и по завршено производство на обувки; - да ги применува контролите пред, во и по завршено производство на обувки; - да следи контроли по фази во процес на производство.	Демонстрирање на: - контрола пред, во и по завршено производств; - утврдена контрола во процес на производство.	Технологија на изработка на обувки

4.2. Наставни методи и активности за учење

Согласно целите на наставната програма ***практичната настава,*** наставникот применува современи наставни методи (стратегии) во зависност од наставната целина, односно наставната единица, засновани на демонстрација, опис, анализа, следење на работата на ученикот, набљудување, дискусија и др. Овие методи се користат со примена на фронтална и индивидуална форма на работа, работа во групи и парови/тандеми.

Во текот на наставата наставникот ги презема следниве активности: објаснува, демонстрира, дава упатства за реализација на практичната задача, опишува, споредува, ја следи работата на ученикот, го мотивира, ги оценува знаењата на ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во слушање, водење дебата, самостојна изработка на предметите, користење на машини, алати и уреди, избирање на истите, споредување и изработување на производи.

4.3. Организација и реализација на наставата

Наставната програма по ***практична настава*** се реализира преку стручно-практични вежби во училишна чевларска работилница во рамките на училиштето опремена со соодвените наставни средства и во чевларски погони на трговски друштва од чевларската дејност. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите во групи. Паралелката се дели во две или повеќе групи. Бројот на часовите кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за изработка на практичните задачи и посета на чевларски погони на трговски друштва од чевларската дејност. Непосредно поврзаност помеѓу наставните програми по практична настава и стручно теоретски предмети неминовно ја наметнува потребата од тимска работа меѓу наставниците кои ги реализираат овие програми.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите од наставната програма по ***практична настава,*** се применуваат разни наставни средства, помагала и материјали. Во зависност од наставната целина се користат: машини во фаза на навлекување и составување на горни и долни составни делови на обувки, работни маси, комплетен прибор за работа, алати, уреди и средства за работа.

За поуспешно совладување на целите на наставната програма се користи соодветна литература и тоа: прирачник за практична настава, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, како и дополнителна литература за наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата, умеењата и вештините на изработените предмети и усно, континуирано во текот на целата учебна година. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма, по предметот се постапува според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***практична настава*** треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да нема говорни мани, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, отворен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по наставниот предмет ***практична настава*** ја реализираат кадри со завршени студии по ***чевларство;*** со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард на простор за наставниот предмет

Практична настава се реализира во чевларска работилница во рамките на училиштето опремена според Нормативот за простор и опрема за образовниот профил техничар за обувки и во чевларски погони на трговски друштва од чевларската дејност.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: март 2008 година

7.2. Состав на работната група:

1. Лепа Трпческа, раководител, советник во Центар за стручно образование и обука, Скопје
2. Снежана Трајановиќ, наставник во СОУ ,,Перо Наков"- Куманово
3. Благица Стојмановска, наставник во СОУ ,,Перо Наков"- Куманово
4. Цане Кузмановски, приватна чевларска дејност, Игор-97, чевларски технолог-инжинер

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1. Датум на започнување: 01.09.2008 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***практична настава,*** ја одобри министерот за образование и наука со решение Бр. 07 – 4339/1 од 03.06.2008 година.